UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

## Scientific Papers

Vol. 46. 6.

HUMANITIES



KIJ Vol. 46 No. 6 pp. 961 - 1174 Skopje 2021

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 46.6

*June, 2021*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 46.6

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 46.6**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)

- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University "Prof. Asen Zlatarov", Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University "Goce Delchev", Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)

- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)
- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)

  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 63 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

PRINCIPAL ISSUES IN NOUN DEFINITION AND NOUN CLASSIFICATION IN MODERN SPANISH ........ 975
Natasha Aleksoska ........ 975
TEACHING SPANISH ONLINE DURING A PANDEMIC ........ 981
Marija Todorova ........ 981
ATTITUDES OF MEDICAL BACHELORS IN COVID-INDUCED ONLINE LEARNING OF ENGLISH FOR ACADEMIC PURPOSES ........ 987
Ivaylo Dagnev ........ 987
COVID-BASED NEOLOGISMS IN MEDIA TEXTS ........ 993
Aleksandra Aleksandrova ........ 993
HERMANN WENDEL'S MACEDONIAN SPHINX ........ 997
Milica Denkovska ........ 997
BIBLICAL TEXT AND CHRISTIAN PHILOSOPHY AS INTERTEXT IN FISHTA’S WORK ........ 1005
Jehona Rushidi-Rexhepi ........ 1005
SLAVIC HUMANITY IN RESEARCH OF PERSA MILENKOVIC’S LEGACY ........ 1011
Slobodanka Đolić ........ 1011
LANGUAGE EDITING PROFESSION AND AREAS OF LANGUAGE EDITING PRACTICE IN B/C/S LANGUAGE (CURRENT LANGUAGE EDITORS’ PROBLEMS IN PRACTICE) ........ 1017
Lejla Selimović-Erdić ........ 1017
MOTIVATION IN VERBAL PHRASEOLOGICAL UNITS IN ENGLISH AND ALBANIAN ........ 1023
Rovena Vora ........ 1023
PEDAGOGICAL PROPOSALS FOR THE TEACHING OF GRAMMAR IN THE FUNCTION OF COMMUNICATION ........ 1027
Angjelina Shllaku ........ 1027
Bora Logu ........ 1027
PLEDGE OF THE VERB IN THE BULGARIAN LANGUAGE ........ 1033
Albena Baeva ........ 1033
VERB MORPHOLOGY IN THE ENGLISH AND MACEDONIAN LANGUAGE ........ 1045
Natka Jankova Alagjozovska ........ 1045
THE ELEMENT OF “CULTURAL DIFFERENCES” AND “THE OTHER” IN NOVELS AS A RESULT OF MIGRATION: EXAMPLES OF THE NOVELS *DEVASTATED HILL, THE MUSEUM OF ATHEİSM AND THE SİEGE* ........ 1053
Seyhan Murtezan İbrahimi ........ 1053
HISTORY OF SENTIMENTAL PROSE IN ALBANIAN LITERATURE (SENTIMENTALITY AS A LITERARY, CULTURAL AND HISTORICAL PHENOMENON) ........ 1059
Artesa Osmanaj Mavraj ........ 1059
NEGATIONISTS AND OPPONENTS OF BULGARIAN TOLSTOYISTS IN THE PERIODICAL PRESS IN THE LATE 19TH AND EARLY 20TH CENTURY ........ 1065
Margarita Terzieva ........ 1065
ASSESSMENT OF THE SOCIAL SKILLS OF CHILDREN WITH SEVERE INTELLECTUAL AND MANY DISORDERS ........ 1071
Petya Marcheva-Yoshovska ........ 1071
FORTY-FIFTH ANNIVERSARY OF THE OPERATION OF CLASSES FOR CHILDREN WITH SPECIAL NEEDS IN THE SCHOOL "LIRIA" IN TETOVO ........ 1077
Bajram Selmani ........ 1077
INFLUENCE OF FITNESS CLASSES ON THE PHYSICAL DEVELOPMENT AND MENTAL STABILITY OF UNWE STUDENTS ........ 1081
Miroslav Shishkov ........ 1081

KINEMATIC ANALYSIS OF "SHAPOSHNIKOVA" FLIGHT ON UNIVEN BARS........................ 1087
Nikolina Tankusheva ........................ 1087
DEVELOPMENT OF SPEAKING AND THINKING IN PRESCHOOL CHILDREN THROUGH RIDDLES........................ 1095
Zamira Shkreli ........................ 1095
Karmen Lazri ........................ 1095
THE READINESS OF YOUNG PEOPLE FOR FAMILY LIFE (TO BE IN A RELATIONSHIP)..... 1101
Yordanka Nikolova........................ 1101
IRRATIONAL BELIEFS AND LIFE SATISFACTION AMONG PEOPLE IN EARLY ADULTHOOD ........................ 1109
Atanas Ivanoski ........................ 1109
MENTAL HEALTH SERVICES AND CRIME IN PSYCHIATRIC PATIENTS........................ 1113
Valentina Talevska ........................ 1113
Angela Talevska ........................ 1113
PREVENTIVE COGNITIVE DISMODERATE INTERCOURSE PROGRAM FOR AGGRESSION STUDENTS........................ 1121
Vesela Ivanova Bozhkova ........................ 1121
CALCULATIVE OPINION AND OPINION OF BEING........................ 1129
Ana Stišović Milovanović ........................ 1129
THE PROCESS OF “MASKING” AND THE INDIVIDUAL CHANGES IN A CHILD’S PERSONALITY ........................ 1133
Pavlina Krumova Petkova ........................ 1133
THE IMPORTANCE OF MEMORY........................ 1139
Voglushe Kurteshi........................ 1139
EARLY INTERVENTION OF CHILDREN FOR THE COMMUNITY WORK SERVICE ........................ 1143
Yordanka Dimitrova........................ 1143
THE APPLICATION OF METHODS AND PROCEDURES FOR THE FORMATIVE ASSESSMENT OF THE STUDENTS' ACHIEVEMENTS ........................ 1147
Valdeta Zenuni-Idrizi ........................ 1147
INTERACTIVE COMMUNICATION BETWEEN TEACHER AND STUDENT ........................ 1153
Agron Iljazi........................ 1153
COMMUNICATION IN EDUCATION ........................ 1159
Salija Bangoji ........................ 1159
ALEXANDER BOZHINOV AND THE „BULGARAN“ NEWSPAPER ON THE PAGES OF THE „THOUGHT“ MAGAZINE ........................ 1165
Denitsa Mizinska........................ 1165
A STUDENT SURVEY ........................ 1171
Smilena Smilkova........................ 1171

# TEACHING SPANISH ONLINE DURING A PANDEMIC

**Marija Todorova**
Faculty of Philology, University Goce Delchev – Shtip, N. Macedonia,
marija.todorova@ugd.edu.mk

**Abstract:** At the end of February and the beginning of March 2020, something occurred that no one could have predicted. A pandemic happened, global crisis, chaos in all spheres of social existence. The Covid-19 virus happened, that spread at lightning speed across the world, changed the way of life, changed humanity in general. The Republic of North Macedonia, as well as many countries in the world, took appropriate health protection and life-saving measures. One of the first significant measures taken to stop or slow down the exponential spread of the virus was closing schools and universities and ceasing the teaching process with physical presence. The educational institutions had to adapt their curriculums and classes for an online education in order to start with distance learning. The introduction of this paper analyzes how distance learning was implemented in the Republic of North Macedonia during a pandemic. The paper further highlights the challenges faced by the educational institutions as well as the advantages and disadvantages of the online education. Additionally, it explains the organization and realization of this type of education at the University "Goce Delchev" in Stip, specifically explaining the process of teaching Spanish as a foreign language at the Faculty of Philology at UGD. The purpose of this paper is to compare the results achieved by the students during the online education with the ones with physical presence and to finally determine if and how e-learning affects students' success.
**Keywords:** pandemic, online education, Spanish language, UGD-Stip, Republic of North Macedonia.

# ОНЛАЈН НАСТАВА ПО ШПАНСКИ ЈАЗИК ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

**Марија Тодорова**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, marija.todorova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Кон крајот на февруари и почетокот на март 2020 година ни се случи нешто коешто никој не можеше да го претпостави. Ни се случи пандемија, светска криза, хаос во сите сфери од општественото живеење. Ни се случи вирусот Ковид-19 кој со секавична брзина се прошири низ целиот свет, го смени начинот на живот, го смени човештвото воопшто. Република Северна Македонија како и голем број земји во светот презеде мерки за заштита на здравјето и животите на луѓето. Една од првите позначајни мерки преземени со цел да се спречи или да го забави масовното ширење на вирусот беше да се затворат училиштата и универзитетите и да се прекине наставата со физичко присуство. Образовните институции мораа да ги прилагодат наставните програми и наставата, за да може да се вклопат во моделот на онлајн образование и да се започне со настава на далечина. Во воведот на овој труд се прави анализа за тоа како се одвиваше наставата на далечина во Република Северна Македонија во услови на пандемија. Во продолжение на трудот се истакнуваат предизвиците со кои се соочуваа образовните институции како и предностите и негативностите на онлајн наставата. Потоа се опишува организацијата и начинот на реализација на овој тип на настава на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, конкретно наставата по предметот шпански јазик како странски јазик на Филолошкиот факултет при УГД. Целта на трудот е да се споредат постигнатите резултати на студентите за време на онлајн наставата и за време на наставата со физичко присуство и да се утврди дали и како влијае е-учењето врз успехот на студентите.
**Клучни зборови**: пандемија, онлајн настава, шпански јазик, УГД-Штип, Република Северна Македонија.

## 1. ВОВЕД

Пандемичната 2020 година долго ќе се памети и ќе се прераскажува како со секавична брзина се прошири низ целиот свет и го смени човештвото. Светот се исправи пред најголемиот предизвик на овој век, водејќи очајничка борба за што поуспешно справување со пандемијата и заштита на здравјето и животите на луѓето. Република Северна Македонија, како и многу други земји ги презеде сите потребни мерки уште на самиот почеток и може да се каже дека и покрај своите ограничени ресурси релативно успешно се справува со корона-кризата. Откако на 11-ти март 2020, СЗО прогласи глобална пандемија на Ковид 19 (World Health Organization, 2020), во Република Северна Македонија беа донесени првите позначајни мерки за превенција од ширењето на вирусот. Со заклучок на Владата беше прекинат воспитно-образовниот процес и наставата

во сите: детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија (Царовска, 2020: 6). По прекинот на наставата и по прогласувањето вонредна состојба, на 23 март 2020 година, Владата донесе уредби за примена на законите за: основното, средното и високото образование за време на вонредна состојба, кои подоцна, неколку пати се дополнуваа, сè со цел подобро да се организира воспитно-образовниот процес (Царовска, 2020: 7). Со Уредба со законска сила се утврди дека наставата ќе се одвива преку далечинско учење, односно преку учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација, што обезбедуваат реализација на наставата без физичко присуство на учесниците во наставниот процес (Шикова, 2020: 5). Согласно насоките дадени од Министерството за образование, во основните и средните училишта наставата се организираше преку: Zoom, Microsoft Teams, Google classroom, Edmodo, Viber, Google drive, WhatsApp и др., а високообразовните установи пак имаа слобода самостојно да одлучуваат и да ја организираат наставата од далечина користејќи различни е-алатки. Според Уредба со законска сила, донесена од Владата на РСМ, наставата во високото образование за време на вонредната состојба требаше да се спроведува преку средства за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација. Самите високообразовни установи можеа да донесат одлука за тоа каков вид електронска комуникација ќе користат: видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци. Наставата се одвиваше главно преку: е-пошта, Zoom, Microsoft Teams, Google Classroom, Moodle, Viber, Skype, WEBEX и Courses. Во склоп на УКИМ, Правниот факултет „Јустинијан Први“ користеше е-пошта, Zoom, Google Classroom, Viber, Skype, телефон; Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) користеше видеоконференцискиот систем кој е имплементиран во студентскиот сервис Courses; Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) користеше систем за видеоконференциска врска; Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) во Штип користеше е-учење (Moodle) и Microsoft Teams; приватниот универзитет „Американ Колеџ“ ја користеше видеоконференциската платформа WEBEX; на Универзитетот „Св. Климент Охриски“ (УКЛО) во Битола и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид исто така беше започната далечинската настава, но на официјалните страници не беа споделени детали како се спроведува истата (Ѓорѓиев, Барлаковски, 2020: 3). Според Бел и Фидмен (Bell & Fedeman, 2013), широкиот спектар на е-алатки и современи средства за електронска комуникација што ги користат универзитетите може само да ја подобри интеракцијата помеѓу студентите и наставниците, или помеѓу студентите воопшто.

## 2. ОНЛАЈН НАСТАВА ВО РСМ: ПРЕДИЗВИЦИ, ПРЕДНОСТИ И НЕГАТИВНОСТИ

Пандемијата предизвикана од КОВИД – 19 имаше големо влијание на образовниот процес во Република Северна Македонија. Училиштата и високообразовните институции се најдоа пред предизвикот да се вклопат во моделот на онлајн образование. Далечинската настава[1] е ново искуство како за наставниците така и за учениците и студентите, и затоа се наиде на отпор и неприфаќање на идејата за онлајн настава. Се предлагаше настава со повремено физичко присуство на учесниците во наставата според веќе утврдени протоколи т.е. хибридна настава, со цел да се обезбеди квалитетна настава и објективност, транспарентност и валидност во оценувањето на учениците и студентите. Но, брзото ширење на вирусот и зголемениот број на активни случаи во државата не дозволи ниту еден друг начин за реализирање на наставата. Како единствен избор остана спроведувањето на онлајн настава. Така, сите учесници во образовниот процес, мораа да ја прифатат новата реалност и што побрзо да се вклопат во моделот на овој тип на настава. Образовните установи мораа да ги прилагодат наставните програми и наставата; учениците и студентите да го прифатат и да се прилагодат на новиот начин на поучување и учење; наставниците мораа да преземат и друг вид на обврски, за кои можеби и не беа подготвени; родителите мораа да ги организираат своето време и обврски за да помогнат на своите деца ако тоа е потребно итн. Наставниците мораа веднаш да одговорат

[1]Далечинската настава потекнува од Соединетите Американски Држави во 1800-тите години кога наставниците и студентите од Универзитетот во Чикаго, кои биле на различни локации, се обиделе да се поврзат преку програми за кореспонденција (Mclsaac & Gunawardena, 1996: 5). Како што се равива онлајн наставата со текот на времето, така и дефиницијата за истата се менува. Во однос на технологијата и организацијата, наставата од далечина се дефинира како „процес на поучување и планирано учење во кој поучувањето и учењето се случуваат од различни места, за што е потребна комуникација преку технологии, како и специјална институционална организација“ (Moore and Kearsley, 2012: 2). Во однос на далечината пак, се дефинира како „сите форми на поучување и учење при кои студентот и наставникот се разделени и географски и временски“ (Finch and Jacobs, 2012: 546).

на најголемите предизвици кои се исправија пред нив, како да го прилагодат начинот на поучување, како сега да ги преточат своите традиционални наставни содржини во онлајн-содржини, како да им помогнат на учениците и студентите да го усвојат материјалот од далечина, како да ги искористат своите дигиталните вештини на најдобар можен начин или како да се стекнат со истите во најбрз можен рок, како всушност да преминат од традицонална на онлајн настава а да го задржат квалитетот. Имаме наставници со малку или без дигитални вештини т.е. наставници кои традиционално држеле часови со традиционална содржина и наставници кои поседуваат различни дигитални вештини стекнати преку обуки и курсеви т.е. подготвени наставници и со претходно искуство за спроведување на онлајн настава. Сето ова имаше големо влијание и го отежнуваше спроведувањето на онлајн наставата во РСМ посебно во основните и средните училишта, додека пак високото образование се покажа како малку поорганизирано и далеку поподготвено за овој предизвик. Голем дел од државните и приватните универзитети веднаш почнаа да ја спроведуваат наставата преку најразлични дигитални и видеоплатформи. Неколкумесечните искуства со образованието од далечина исто така ги истакнаа и следниве предизвици[2]:

- недостиг на стратешки и нормативни документи на кои може да се базира наставата од далечина и што ќе обезбедат стандардизиран приод во нејзиното реализирање;

- недоволни теоретски и практични педагошки знаења за настава од далечина на сите вклучени во образовниот процес (наставници, стручни соработници, директори, советници, инспектори);

- недоволни дигитални компетенции кај најголемиот број чинители во образовниот процес од далечина (ученици, наставници, родители, стручни соработници, директори, советници, инспектори);

- лоша ИКТ-опременост (немање или несоодветни дигитални уреди, недоволен или никаков пристап до интернет) на училиштата, наставниците и семејствата на учениците.

Од наше искуство во онлајн наставата, можеме да кажеме дека овој тип на настава е прифатена и корисна за многу поединци поради многуте предности кои ги има, но од друга страна пак многу од учесниците во наставниот процес ги истакнуваат негативностите на истата и ја претпочитаат класичната настава во училница.

Меѓу главните предности на онлајн наставата се истакнуваат:

- Флексибилност. Можноста часовите да се одржуваат во било кое време од денот, па дури и за викенди или празници, односно во време кое им одговара на студентите, многумина од нив ја искористија за да работат со полно работно време, во смени или повремено. Распоредот на часови може да биде флексибилен и да се вклопи во променливото работно време на студентите.

- Виртуелна училница од дома. Лесно и брзо вклучување на образовните платформи од удобноста на сопствениот дом, облечени во удобна облека.

- Локација. Онлајн наставата дозволува и го олеснува пристапот во наставниот процес од било кое место во светот. Така на пр. странските студенти кои беа приморани да се вратат во своите држави, без проблем продолжија да ја следат наставата и успешно да ги завршат курсевите.

- Постојан контакт со наставниот кадар. Онлајн наставата овозможува постојана и директна комуникација со наставниците.

- Учебни материјали. Наставните содржини и материјалот се објавуваат, редовно се ажурираат и се достапни за учениците и за студентите секогаш кога имаат потреба.

- Поевтина настава. Со онлајн наставата, патните трошоци, трошоците за сместување или дневните и другите трошоци се сведуваат на нула.

Во негативностите на онлајн наставата се вбројуваат:

- Самомотивација и самодисциплина. Студентите треба самостојно да развијат висок степен на мотивација и дисциплина.

- Социјална интеракција. Онлајн наставата ја ограничува интеракција со наставниците или соучениците и колегите.

- Техника и технологија. За онлајн настава задолжителни се компјутер, интернет конекција и дигитални вештини. Поради можноста за појава на дефекти и пречки, сето тоа понекогаш може да претставува препрека за квалитетна реализација на наставата. Дополнително, набавката на компјутери или таблети и опрема може да претставува и дополнителен финансиски трошок.

- Практична настава. Онлајн наставата не е соодветен начин за реализација на практична, теренска или групна настава.

---

[2]КОНЦЕПТ ЗА РАЗВИВАЊЕ СИСТЕМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДАЛЕЧИНА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2020: 6). Превземено од https://mon.gov.mk/stored/document/Koncept%20za%20dalecinsko%20obrazovanie-design-MK-with%20logos.pdf

- Оценување. Многу наставници се соочуваат со проблеми за реално и валидно оценување на успехот на учениците и студентите.

### 3. ОНЛАЈН НАСТАВА НА УГД-ШТИП: НАСТАВА ПО ШПАНСКИ ЈАЗИК

Како што веќе спомнавме Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип беше еден меѓу првите универзитети кои отпочнаа со онлајн наставата и веднаш се вклопија во новиот начин на работа. Овој универзитет без никаков проблем продолжи со наставата скоро на сите факултети бидејќи беше целосно подготвен за овој неочекуван предизвик. Тоа е така, бидејќи политиката на УГД, уште при неговото основање, беше да има највисок степен на користење на ИКТ (информатичко-комуникациски технологии) како во наставата така и во административното работење. Уште во првите години од неговото постоење беа реализирани неколку проекти и обуки за имплементација на е-учење, а се работеше и на поставување на нова и осовременување на веќе воспоставената инфраструктура за спроведување електронска настава и на дигитализација на образовниот процес т.е. уште во 2008 година беа обезбедени компјутери за секој вработен на УГД, беа отворени училници и компјутерски лаборатории со интерактивни табли, беше поставена модерна компјутерска мрежа во зградите, а кампусите беа поврзани со оптичка конекција (Здравев, Жежова, Димов, 2012/2013: 153). Во септември 2008 година е формиран Центарот за електронско учење чија основна цел е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев", нови технологии: (интерактивни табли, графички табли, мултимедиумски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема итн.), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици (Здравев, Жежова, Димов, 2012/2013: 153). Истата година беше пуштен во употреба систем за електронско учење, базиран на платформата за управување со учењето Moodle 1.9, но со редовно и постојано надградување дојдено е до користење на најновата верзија на системот Moodle 2.4 (Здравев, Жежова, Димов, 2012/2013: 153). Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип е водечка институција во имплементацијата на новите технологии во образовниот систем во РСМ, а е-учењето е една од придобивките од користењето на ИКТ. Во 2010 година, системот за Е-учење почна да се користи задолжително на сите 13 факултети на УГД. На Филолошкиот факултет, почнаа да се организираат и спроведуваат електронски испити по странски јазик како универзитетски изборен предмет. На платформата за е-учење се креирани курсеви за секој предмет, каде што секој наставник ги поставува сите материјали и детални информации кои се достапни за студентите во било кое време. Ова неколкугодишно искуство наставниците го искористија во моментот кога беше најпотребно и успешно се справија во спроведувањето на онлајн наставата и одговорија на големиот предизвик кој се исправи пред сите нас. Овде ќе се задржиме конкретно на тоа како беше организирана и реализирана онлајн наставата по шпански јазик во текот на оваа пандемична година и какви резултати постигнаа студентите. Веднаш по одлуката за спроведување на онлајн настава, катедрите на Филолошкиот факултет, како и сите други на УГД, веднаш изготвија нов распоред за учење од далечина во кој беа вклучени задолжителните и стручни предмети. Наставата по шпански јазик како изборен предмет се одвиваше преку синхрона комуникација на Microsoft Teams, во договорен термин со студентите. Имено, поради нивните обврски или непланирани ситуации, терминот беше флексибилен и често се менуваше, но фондот на часови беше непроменет т.е. во согласност со наставниот план и наставната програма за предметот. Флексибилноста овозможи студентите да останат мотивирани и редовно и активно да се вклучуваат на часовите а со тоа да се задржи и да се подобри квалитетот на наставата. Материјалите за секој час (најчесто, снимени аудио лекции во вид на звучни PowerPoint презентации; планови за одредени наставни содржини, вежби и задачи) се подготвуваа и поставуваа на платформатата за е-учење неколку дена пред реализирањето на наставната содржина, а на часовите половина од времето беше предвидено за презентирање на новата наставна содржина а другата половина за вежби, дискусии, прашања или дополнителни објаснувања и информации. За да се поттикне и одржи самомотивацијата и самодисциплината кај студентите, често им беа задавани домашни задачи и активности, а со тоа можеше да се следи и оцени напредокот на студентите и одговорноста да се завршат задачите во договорените временски рокови. За време на часовите се следеше присуството на студентите, активноста, редовноста и навременоста во исполнувањето на задачите. Во однос на начинот на оценување, меѓу универзитетите настанаа несогласувања во врска со одлуката за спроведување на електронско полагање на испитите и колоквиумите. Иако некои универзитети беа против електронското полагање бидејќи при таквиот начин на полагање постои потенцијален ризик од препишување и манипулации, а тоа не може да гарантира квалитет на знаење на студентите, сепак УГД донесе одлука, колоквиумите и испитите да се одржуваат електронски, но им остави можност на факултетите сами да одлучат како ќе ги спроведат. На Филолошкиот факултет, тие се одржаа електронски, бидејќи беше утврдено дека има соодветни услови и можности за спроведување на електронско полагање. За следење на успехот на студентите кои го слушаа предметот шпански јазик се применуваше формативно и сумативно оценување. За време на часовите, во

текот на семестарот, се применуваше формативното оценување т.е. се оценуваше како студентите учат и напредуваат, кои им се силни и слаби страни и според тоа се насочуваа како да продолжат понатаму за успешно да го совладаат материјалот, да постигнат подобри резултати и на крај успешно да го положат испитот. За да се оформи завршна оценка за успехот на студентите се применуваше сумативното оценување преку колоквиуми и завршен испит кои се одржаа во „реално“ време преку синхрона комуникација со студентите и задолжително користење на камери и микрофони. Колоквиумите се спроведуваа писмено, а завршниот испит се одржа усно. За да се обезбеди квалитетно, валидно и фер оценување, беа користени формални и неформални методи, т.е се спроведуваше континуирано оценување на студентите во текот на поучувањето преку усно испрашување; гласно размислување; набљудување; прашања и забелешки; вежби, задачи и тестови со или без оценување; есеи; проекти; итн., а на крај се земаа предвид и резултатите од колоквиумите и завршниот испит. Ако се спореди успехот на студентите кои посетуваа онлајн настава со успехот на студентите постигнат за време на настава со физичко присуство, може да се забележи и утврди дека скоро и не постои разлика во остварените резултати, односно послабите студенти не успеаја да го изманипулираат системот до степен за да постигнат солидни резултати како што се предвидуваше и очекуваше. Од тука, може да се заклучи дека со квалитетна онлајн настава можат да се постигнат исти дури и подобри резултати и дека е-учењето само по себе не влијае негативно врз успехот на студентите. Сè зависи од дигиталната писменост и мотивираноста на наставниците и од опременоста и подготвеноста на образовните институции да се вклопат во моделот на онлајн образование.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Кога на почетокот на март, поради пандемијата предизвикана од КОВИД – 19, во РСМ се затворија училиштата а наставата со физичко присуство преку ноќ се претвори во онлајн настава, сите учесници во образовниот процес се најдоа пред предизвикот веднаш да се вклопат во моделот на онлајн образование како знаат и умеат. Колку и да не се прифаќаше идејата на почетокот, сепак онлајн наставата остана како единствено решение за време на пандемијата. Организирањето и спроведувањето на онлајн наставата во РСМ беше многу тежок процес, посебно за основните и средните училишта, додека пак високото образование се покажа како поорганизирано и далеку поподготвено за овој предизвик. Голем дел од државните и приватните универзитети веднаш почнаа да ја спроведуваат наставата преку најразлични дигитални и видеоплатформи, главно преку: е-пошта, Zoom, Microsoft Teams, Google Classroom, Moodle, Viber, Skype, WEBEX, Courses и др. Онлајн наставата има многу предности но и негативности и затоа, наставниците и студентите или учениците ја претпочитаат класичната настава во училница или пак ја прифаќаат во целост и ја сметаат за корисна онлајн наставата. Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се покажа како целосно подготвен за овој неочекуван предизвик и без никаков проблем веднаш се вклопи во моделот на онлајн образование. Начинот на кој беше организирана и реализирана онлајн наставата по шпански јазик се покажа како ефикасен начин за одржување на квалитетот и за постигнување на објективни и реални резултати. Искуството покажа дека успехот на студентите кои посетуваа онлајн настава не се разликува од успехот на студентите постигнат за време на настава со физичко присуство, што докажа дека е-учењето само по себе не влијае негативно врз успехот на студентите и дека со квалитетна онлајн настава можат да се постигнат исти дури и подобри резултати. Квалитетот на онлајн наставата зависи од дигиталната писменост и мотивираноста на наставниците и од опременоста и подготвеноста на образовните институции за овој вид на настава. Од наставниците се очекува да интегрираат дигитални технологии во наставата и да умеат ефективно да ги користат, но државата со своите институции се одговорни за обезбедување на континуиран професионален развој во однос на дигиталното образование и за дигитализација на општеството. Иднината е неизвесна и не можеме да ја предвидиме, но треба да бидеме отворени и подготвени за промени. Наша заедничка одговорност е да извлечеме поука од оваа криза, да ги искористиме можностите и да најдеме решенија со цел да го подобриме образованието во Северна Македонија и да го подготвиме за некој следен предизвик.

## ЛИТЕРАТУРА

Ѓорѓиев, В., & Барлаковски, П. (2020). **К**ризни **О**биди на **В**исокообразовните **И**нституции за Дигитализација во академската **19**/20 година. Скопје: Здружение на граѓани Младински образовен форум. Превземено од https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/06/mof-kovid-19-visoko-obrazovanie.pdf

Здравев, З., Жежова, С., & Димов, Ѓ. (2012/2013). Имплементација на е-учење на УГД – научените лекции. *Воспитание 12*. Штип: Факултет за образовни науки – УГД.

КОНЦЕПТ ЗА РАЗВИВАЊЕ СИСТЕМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДАЛЕЧИНА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2020). Превземено од

https://mon.gov.mk/stored/document/Koncept%20za%20dalecinsko%20obrazovanie-design-MK-with%20logos.pdf

Царовска, М. (2020). НА ДИЛЕМАТА ЗДРАВЈЕ ИЛИ ШКОЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОДГОВОРИ СО – И ЗДРАВЈЕ, И ШКОЛО. *Предизвици - ОБРАЗОВАНИЕ СО КОВИД И ЗА ИДНИНА 8.* 6-15. Превземено од http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15369/08-2020-12.pdf

Шикова, Н. (2020). Настава на далечина во Република Северна Македонија: предизвици и идни чекори. Скопје: Центар за управување со промени. Превземено од https://cup.org.mk/publication/Nastava%20na%20dalechina.pdf

Bell, B. S., & Federman, J. E. (2013). E-learning in postsecondary education. *The Future of Children, 23*(1), 165-185.

Finch, D., & Jacobs, K. (2012). Online education: Best practices to promote learning. *Proceedings of the Human Factors and Ergonomics 56th Annual Meeting.*

McIsaac, M. S., & Gunawardena, C. N. (1996). Distance education. In D. H. Jonassen (Ed.), *Handbook of research for educational communication and technology: A project of the Association for Educational Communication and Technology* (pp.403-437). New York: Simon & Schuster Macmillan.

Moore, M., & Kearsley, G. (2012). *Distance education: A systems view of online learning* (3rd ed.). Belmont, CA: Wadsworth.

World Health Organization (2020). WHO Director-General's opening remarks at the media briefing on COVID-19 – 11 March 2020. Retrieved from https://www.who.int/director-general/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---11-march-2020